Финансирано од Европската Унија

Кофинансирано од Европската Унија

# ООУ „ЈОХАН ХАЈНРИХ ПЕСТАЛОЦИ“ – Скопје

## Извештај од реализираната мобилност Job shadowing ЕРАЗМУС+

**Институција и место:** Основно училиште „Јурја Добрила“ – Ровињ, Република Хрватска

**Време:** од 20. IV до 24. IV 2026 год.

**Учесници: Ана Сенчук, Јасмина Михаиловска и Катерина Данилоска Поповска**

### ВОВЕД

Главна цел на реализираната посета е унапредување на наставата и учењето преку размена на добри практики, развивање иновативни пристапи и зајакнување на меѓународната соработка меѓу училиштата. Оваа мобилност претставува квалитетна размена на искуства за примена на иновативни методи и стратегии за управување на работата во училиштата.

Клучни области на интерес беа: иновативни и креативни методи во наставата, инклузивно образование и поддршка за ученици со различни потреби, методи на оценување и евалуација, учење базирано на проекти, размена на искуства во областа на педагошката работа и советување во училиштата.

Учеството во оваа мобилност претставува значајна можност за зајакнување на професионалните компетенции на наставниците и стручните соработници. Воочувањето на ефективните европски практики овозможува примена на нови стратегии за подобрување на педагошките методи на работа.

**Ден 1. 20. IV 2026**

Бевме пречекани од Саманта Матејчиќ Чотар, координатор на ЕРАЗМУС+ во Основното училиште „Јурја Добрила“ – Ровињ. Се запознавме со условите и организацијата на Училиштето и со образовниот систем во Република Хрватска. Следеше дискусија за разликите и сличностите меѓу двата образовни системи.

**Разлики:** осмолетка со два образовни периода, бројчано оценување од прво одделение, изборна настава, можност за запишување во италијанска школа, изучување италијански јазик како изборен предмет, бесплатен оброк за учениците.

**Сличности:** електронски дневник, недостаток на наставен кадар, план за воведување продолжен престој, заеднички предизвици и потреби за современо образование.

Во завршниот дел од денот присуствувавме на наставен час по хрватски јазик – медиумска култура, со следење на современа театарска претстава „Матовилка“ од Браќата Грим.

**Ден 2. 21. IV 2026**

Посетивме часови во трето и четврто одделение:

- Хрватски јазик – читање со разбирање (3. одд.)
- Англиски јазик – Ден на планетата Земја (4. одд.), реализиран како escape room активност.

- Средба со стручните соработници – психолог и социјален педагог. Психологот работи на менталниот развој на учениците, советување на наставници и родители, како и проценка на идните првачиња. Социјалниот педагог се фокусира на превенција и рана детекција на социјални потешкотии, поддршка на образовните асистенти и учество во нивниот избор. Разговорот потврди дека двата системи се соочуваат со слични предизвици и потреби.

**Ден 3. 22. IV 2026**

Основното училиште „Валдорф“ во местото Водњан е едно од најмладите училишта во Истра, каде децата учат преку искуство, уметност, движење и креативна работа, со акцент на холистичкиот развој на детето. Училиштето работи од учебната 2024/2025 година и во моментот има 27 ученици од 1. до 5. одделение.

Наместо класична настава фокусирана на повторување факти и давање оценки, моделот на Валдорф гради знаење преку искуство, ритам и практична работа. Во училишната пракса, акцентот е ставен на уметноста, креативноста и ракотворбите. Еден наставник го следи одделението во текот на основното образование. Часовите се организираат во тематски циклуси што траат од две до четири недели, во кои интензивно се обработува еден предмет. Покрај одделенскиот наставник, учествуваат и предметни наставници по јазици, ракотворби, евритмија (уметност на движење, т.е. јазик и музика претворени во движење) и други предмети. Станува збор за официјално признато основно училиште кое ја спроведува пропишаната наставна програма, но преку различен педагошки пристап - валдорфска педагогија. Родителите плаќаат месечна школарина од 365 евра.

На денот на посетата учениците имаа активности по повод Денот на планетата Земја.

**Ден 4. 23. IV 2026**

Посета на Училиштето „Финида“ – Пореч, модерна институција основана во 2018 година. Наставата се реализира според националната програма, со продолжен престој за ученици од 1–4 одделение. Сите ученици имаат бесплатен појадок финансиран од градот. Училиштето располага со 20 училници, специјализирани кабинети, спортска сала и отворени терени. Од стручни соработници има педагог, психолог, социјален педагог и логопед. Ученици со благи потешкотии се интегрирани со поддршка од образовни асистенти, додека ученици со поголеми потешкотии учат во специјални паралелки во друго училиште. Се користи електронски дневник, каде секоја оценка мора да биде образложена и евидентирана. Освен родителот, увид во Едневнико има и детето. Секој ученик има сопствен акаунт за увид во Едневник. Податоците се достапни и за спортските тренери, кои можат да суспендираат ученик од тренинг доколку има намален успех или поведение.

**Ден 5.** **24. IV 2026**

Последниот ден започна со набљудување на наставни часови, каде беа презентирани современи методи и различни пристапи за организирање на наставниот процес. За учениците од прво до четврто одделение беше организирана активност „Ходај право – ходај здраво“, насочена кон поттикнување редовна физичка активност и развивање здрави животни навики.

Следеше презентација на „Innovation Box“ – збир на идеи, материјали и добри практики од Erasmus проектите, што овозможи увид во конкретни иновативни методи применливи во нашето училиште. Денот заврши со заеднички ручек и евалуација на целокупната мобилност, каде беа споделени впечатоци, стекнати знаења и предлози за идни соработки. На крајот беа доделени сертификати за успешно учество.

**Постигнати резултати и компетенции**

Реализираната мобилност овозможи значајно збогатување на професионалните знаења и вештини. Преку набљудување на наставниот процес, размена на искуства и директната соработка со наставници те и стручните соработници од училиштата, беа постигнати следниве резултати:

- Детално запознавање со образовниот систем во Република Хрватска и неговите специфики.
- Размена на добри практики во областа на иновативни наставни методи, управување со училница и инклузивна настава.
- Увид во современи пристапи за интеграција на ИКТ во наставниот процес.
- Запознавање со организацијата и улогата на стручните соработници (психолог, социјален педагог, логопед) и нивната поддршка во воспитно-образовниот процес.
- Примери на успешни активности за поттикнување на здрави животни навики и развивање на ученичка мотивација.
- Воспоставување контакти и иницирање идеи за идни форми на меѓународна соработка.

**Развиени компетенции**

- **Педагошки компетенции:** усовршување на стратегии за диференцијација, инклузивна настава и управување со училница.
- **Интеркултурни компетенции:** развивање на свест за културните разлики и сличности, поттикнување на толеранција и меѓусебно разбирање.
- **Креативни компетенции:** запознавање со валдорфскиот модел и други иновативни пристапи кои ја стимулираат креативноста и практичната работа на учениците.
- **Социјални компетенции:** подобрување на комуникацијата, тимската работа и соработката со наставници и стручни лица од различни образовни контексти.

**Заклучок**

Мобилноста претставуваше исклучително значајно искуство кое овозможи директен увид во различни образовни практики и пристапи. Најголем впечаток остави отвореноста на наставниците и стручните соработници за размена на идеи и искуства, како и нивната посветеност кон создавање поддржувачка средина за учениците.

Може да се констатира дека двата образовни системи ги имаат истите предизвици и проблеми: недостаток на наставен кадар, обиди за влијание на родителите врз наставникот, слаба мотивираност на учениците за активно вклучување во активностите и стекнување трајни знаења.

Ги воочивме и разликите во однос на условите во кои работат наставниците, опременоста со нагледни средста, организацијата на наставата и системските решенија како и висината на платата на наставниците во Хрватска. Сето ова претставува можност за споредба и критичка анализа на сопствениот образовен контекст.

Funded by the European Union

Финансирано од Европската Унија

Co-funded by the European Union

Кофинансирано од Европската Унија














Funded by the European Union
Финансирано од Европската Унија
Co-funded by the European Union
Кофинансирано од Европската Унија










